**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието, господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, започнуваме со заседавањето.

Продолжуваме со работа по 75-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да започнам со седницата дозволете ми да ве известам дека предлагам денешната седница да ја држиме до 17,00 часот, поради евентуалното присуство на свечената академија по повод денот 11Октомври што ќе се одржи во 17,30 часот. Така да сите можеме да се подготвиме за присуство на таа свечена академија. Значи, денес работиме до 17,00 часот.

Пратениците: Силвана Бонева, Бесим Догани, Александар Спасеновски, Радмила Шеќеринска, Славица Гркоска, Лазар Китановски Тито Петковски, Мирјана Секуловска, Фијат Цаноски, Данаил Дончев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Рафис Алити, Агрон Буџаку, Блерим Беџети, Абдуладн Вејсели, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Горан Ристовски, и Андреј Жерновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Прва точка: Предлог на закон за издавање на вредносни бонови ваучери.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

За збор се јави господин Николов Марјанчо, но тој бидејќи моментлно е отсутен, збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници од Министерството за финансии, значи на самиот почеток јас би сакала да кажам неколку збора, затоа што сметам дека е потребно да го кажам начинот на кој што ќе гласам, за да не излегувам повторно на говорница, значи јас давам поддршка на овој закон без разлика колку беа искажани спротивставени мислења, од оваа говорница, колку беше кажано дека ова е популистичка мерка без разлика на сето тоа ова е добар закон и сметам дека ќе биде користен да апсолвентите односно за сите студенти кои што ќе можат да ги добијат овие ваучери.

Значи, давам поддршка на законот, ќе беше добро да бидат опфатени и другите категории како што се бруцошите, па сметам дека во некое идно време најверојатно Владата ќе размисли и во таа насока затоа што сите знаеме дека оние кои што го почнуаат своето образование во ерата на информатичката технологија е добро да поседуваат компјутер, не само со тоа што ќе можат да се запознаат со работата и да им се олесни начинот на студиите, подготовката на испитите, семинарските работи дипломските работи, туку ќе можат да имаат и комуникација и така Македонија е една од најзатворените земји, се потешко се патува, значи нашите студенти се потешко, можат да патуваат и да излезат надвор од границите на Република Македонија па барем со компјутерот ќе можат да воспостават да дојдат до информации кои што и те како ќе им бидат корисни во процесот на нивното образование и нивната интелектуална надградба.

Значи, токму поради ова искажаното јас ќе дадам поддршка на овој закон меѓутоа, почитувани колеги пратеници, сакам да кажам збор два, околу амандманот, навистина не очекував министерот за финансии, сега не е тука да го прифати овој амандман, затоа што во секој случај амандманот не оди во прилог на Владата на почитувани колеги пратеници очекувам од вас, вие што сте во салата, а и се надевам и оние кои што ја следат седницата преку екраните во Собранието да дадете поддршка на овој амандман затоа што навистина не гледам ништо лошо да не биде прифатен амандманот, ништо лошо за Владата, а многу корисно за Парламентот. Имено, амандманот на членот 7, кажува дека Владата на Република Македонија треба да достави извештај до Собранието на Република Македонија за бројот на реализирани и платени вредносни бонови ваучери и извештај, кои субјекти на овој закон, колку компјутери продале, и наплатиле од Владата на Република Македонија.

Почитувани колеги, со вакви амандмани, значи не се нанесува штета на Владата но во секој случај се зајакнува улогата на овој дом на Парламентот.

За рејтингот на Парламентот, не треба да говорам и јас заедно со сите вас мислам дека жалиме за она што го видовме на последните анкети. Сите заедо треба да работиме да го вратиме рејтингот дури и да го подигнеме и не само што ќе го вратиме на претходното ниво, туку да го подигнеме на едно повисоко ниво. А како ќе го подигнеме рејтингот, преку повеќе моменти еден од тие да се почитува и уставната определба што ја има овој Парламент односно да биде контролор на Владата односно на работата на одредени сегменти и министерства. Со ова ништо лошо реков не се прави за Владата само се допринесува на Парламентот да му ја вратиме уставната улога која што ја има во однос на Владата.

Почитувани колеги, со ова во голема мера ќе се допринесе и за подигање на демократијата во Република Македонија, на Парламентарната демократија впрочем, како и според Уставот што е и нашата земја. Ако ги имаме и анализите ќе видиме дека Македонија за жал, го држи 69-то место на земјите по развојот на демократијата. Пред нас почитувани колеги и тоа влегува во

категорија со демократии со недостатоци. Мислам дека Македонија не заслужува да го има тоа место. За оваа слика да се промени најмногу може да придонесе Парламентот. За ова не може да придонесе само Владата. Ние ја носиме одговорноста за ова место кое што го имаме. Пред нас почитувани колеги се Бугарија на 49-то место, Романија на 50-тото, Хрватска на 51-то место, Црна Гора исто така е пред нас и да не набројувам кои се се наоѓа пред нас на оваа листа, а од земјите што пак произлегоа од еден систем како што беше нашиот, или така наречени подкомунистички држави, Чешка се наоѓа дури на високото 18-то место, а Словенија на 27-то место. Мислам, дека нема потреба понатаму да набројувам зад нас во овој момент е единствено Босна и Херцеговина.

Почитувани колеги, ја искористив оваа прилика, можеби малку се оддалечив, од амандманот, но повеќе ми даде поттик вчерашната анкета која што многу сериозно ме загрижи, затоа што верувајте, за она што е наша цел, за евроатланските интеграции не е важно само Владата да има висок рејтинг, важен е рејтингот и на Парламентот, важен е и развојот на парламентарната демократија.

Ве молам, најсериозно и најдобро намерно да ги сфатите моите забелешки кои што денеска ги искажав. Со овој амандман ќе дадеме само еден сигнал дека навистина ние сакаме да се вклучиме кон земјите со поразвиена парламентарна демократија , не сакаме да бидеме на дното на оваа листа, а меѓу другото ги слушнавме и пораките кои што ги добивме вчера од госпоѓата Розмари Ди Карло, дека е многу важна соработката односно дијалогот помеѓу власта и опозицијата и дека е многу важно да парламентарната демократија се подигне на повисоко ниво.

Уште на крајот нема ништо лошо почитувани колеги. Не само поради тоа што овој амандман доаѓа од пратеници од опозицијата, амблок д го отфрлите затоа што реков не се нанесува никакво зло на Владата, Владата ќе си го реализира и понатаму проектот за етстетските јас реков дека ќе дадам поддршка за ефектите ќе ги видиме, но за да ги видиме ефектите, да дискутираме јас не пријудицирам дали тие ќе бидат позитивни или негативни. Јас навистина би сакала да бидат позитивни. Зтоа што ова е за доброто на студентите, но мора овој Парламент да расправа. Ако ние сме обврзани да донесеме закон, ако Владата не го направи тоа со своја одлука, затоа што слушавме од министерот зошто е потребен закон, зошто да не има отчетност на Владата. Па сите ние овде се залагаме со отчетност. Не гледам што има страшно во тоа и зошто треба овој амандман да се прифаќа со резерви или уште помалку да биде отфрлен од страна на пратениците. Значи, очекував од министерот дека нема да го прифати но сеуште имам надеж дека пратениците ќе сфатат дека овој амандман не е апсолутно шетен за Владата, а е користен за Парламентот.

Во таа насока очекувам поддршка од колегите пратеници. Реков дека нема многу да должам и уште еднаш на крајот ќе дадам поддршка за донесување на законот. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За да нема забуни, драги колеги дозволете да објаснам нешто, за да нема потоа забуни. Госпоѓа Роза Топузовска Каревска направи една дигресија. Сакам да објаснам зошто не ја предупредив за таа дигресија. Не ја предупредив затоа што потполно се согласувам со нејзиниот став околу рејтингот на Парламентот. Значи оценив дека суштината на нејзиниот говор и е поважно од процедуралната грешка.

Би сакал такви случаи да имаме и повеќе. Едно сакам да ви ставам на душа. Рејтингот на овој Парламент нема никаква компликација една реченица само треба да испочитаме за да биде тој висок. Рејтингот на Парламентот ќе биде право пропорционален со коректноста на нашето постапување еден кон друг. Ништо друго. Ако ја качиме таа коректност, рејтингот ќе се качи. Автоматски ви благодарам госпоѓа Роза.

Сега збор има Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници почитуван заменик министер,

Јас ќе се потрудам да бидам што пократок, и немав намера да се јавам, но сепак би сакал по овој Предлог закон кој е по итна постапка бидејќи немавме претрес, и еве ќе ја искористам приликата по овој амандман од повеќето амандмани, се јавувам по амандманот за да го кажам тоа што имав намера по општиот претрес, односно да не се јавувам после завршувањето на амандманите. овој амандман кој што го имаме поднесено пратениците од СДС вчера од министерот Трајко Славески беше одбиен, како што кажа и претходниот дискутант не знам или не знаеме зошто го одби, иако амандманот беше добар односно немше ништо лошо, лошо што ќе наштети на било што особено на Владата односно на Министерството за финансии. Бидејќи со овој амандман кој што еве ќе го прочитам за да биде ојасно што бара овој амандман, односно бара еден отчет после завршувањето на целата процедура околу издавањето или по враќањето на овие ваучери во Министерството за финансии кое ги издава. Значи амандманот гласи вака: Владата на Република Македонија до 31 јануари 2008 година до Собранието на Република Македонија ќе достави извештај за бројот на реализирани и платени вредносни бонови ваучери, и извештај кои субјекти од член 5 на овој закон колку компутери продале и наплатиле од Владата на Република Македонија.

Министерот вчера кажа дека има извештај но не беше коректен односно не беше озбилен во своето кажување затоа што со прифаќањето на овој амандман ќе дадеше на знаење дека Владата сака да биде искрена и транспарентна и да не изести нас пратениците и македонската јавност дека ќе даде, односно ќе го прифати овој

амандман и да стане составен дел од овој Предлог закон.

Зошто министерот Трајко Славески не го прифати амандманот. Ни дава сомнеж дека можеби нешто ќе треба да се работи или да се одвива мимо прописите и законите во Република Македонија, односно дека сепак имаме сомнеж дека оваа набавка односно издавање на вредносни бонови нема да биде транспарентно, можеби издавањето ќе биде таранспарентно, но набавката на компјутерите или повраќајот на ваучерите односно вредносните бонови нема да биде чисто.

Тоа сакав да го кажам околу овој амандман и навистина не знам зошто министерот не го прифати, значи ни дава простор за сомневање дека има нешто нетранспарентно, бидејќи се работи за околу 2 милиони евра вредност односно толку изнесуваат вредносните бонови со кои што треба да се набават компјутерите.

За тоа дали студентите кои што прв пат се запишуваат во 4-та година ќе можат да набават компјутер од 12.300 денари односно 200 евра беше вчера доста кажано од моите колеги од СДСМ иако некои амандмани имаше поднесено во таа насока дека не може да се набави компјутерот за 200 евра, туку дел од компјутерот. За тоа не би сакал да зборувам, бидејќи по некои сознанија овие компјутри од 200 евра не знам колку се квалитетни и колку ќе имаат век на траење.

И на крајот, покрај тоа што нели сакав да го кажам околу амандманот, го кажав, и на крајот би скал само да дадам на знаење на заменикот министер и на колегите пратеници од парламентрното мнозинство дека ние и 2006 година во декември месец кога го носевме Буџетот и тогаш расправавме за компјутери, односно набавка на компјутери, некаде 2007 година ако добро се сеќавам можеби ќе промашам за малку, некаде околу 8 до 9 милиони евра, па 2008 година односно со овој Буџет кога доаѓа пак да се одделат средства за овие компјутери, но како што знаеме ние тогаш сите пратеници од Социјалдемократскиот сојуз дискутиравме дека овие компјутери односно бројката која што треба да се набави со овие средства кои се одделени со Буџетот не се доволно и тоа се покажа после 3-4 месеци, кога беше распишан тендерот и кога се виде дека средствата не се доволно, односно по компјутер е одделена мала сума на пари.

Тогаш позицијата остро се спротивстави дека не сме во право, дека сме против компјутеризацијата, што не е точно. Ние и тогаш кажавме дека тоа е добро, еве сега и ова е добро, но како парламентарна група на СДСМ интервениравме со неколку амандмани за да овозможиме покрај овие студенти кои прв пат се запишуваат во 4-та година да овозможиме и на други лица односно студенти во прва година и овој амандман кој што беше прифатен од страна на министерот, кој ќе го поднесе СДСМ, да се помогне на овие лица.

Толку би сакал да кажам околу овој амандман, но пред се сакав да го кажам моето мислење дека некогаш зборувавме за компјутери, пак ќе зборуваме сега кога ќе го разгледуваме Буџетот за 2008 година и да видиме сега колку средства Министерството ќе издвои во овој Буџет за втората тура компјутери кои треба да се набават со проектот “Компјутер за секое дете”. Верувам со искуството од оваа година кога се појави недостиг на средства определени со Буџетот, Министерството за финансии односно Владата ќе ја увиди својата грешка и ќе ја даде правата сума со која може да се докомплетира бројот на компјутерите кои не беа планирани со Буџетот за 2007 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседател, почитувани колеги,

Моето обраќање е до вас. Рејтингот на Собранието се подигнува со меѓусебниот однос и почитувањето кое што го имаме во комуникацијата едни со други и како граѓаните ја гледаат таа комуникација или тоа ниво на комуникација. Но рејтингот на Собранието се подигнува и според тоа колку пратениците самите си се почитуваат, односно го почитуваат овој собраниски дом според реализација на уставните надлежности кои што му се дадени. Овој амандман зборува за уставните надлежности на Собранието, колку сакаме да вршиме контрола над работењето на Владата.

Јас не се обраќам до заменик министерот, се обраќам до вас. Ако имате искрена намера дека сепак треба да ги преземеме работите во свои раце, дека сепак треба да вршиме некоја контрола, не станува збор дека опозицијата го предложила овој амандман. Прочитајте добро и ќе видите дека сакаме да го вратиме дигнитетот и уставните надлежности на собранискиот дом. Не е ова некое подметнување на “кукавичко јајце” или некоја друга заврзлама која што опозицијата сака да ја направи. Крајно време е значи да направите пресек. Јас знам дека како мнозинство треба да ги подржувате сите чекори на Владата, но има некоја граница, има некоја линија од која што и самите не треба да отстапите, бидејки сте пратеници, бидејки сте избраниод народот, бидејки сте претставници на народот. Не сакате ли и вие како мнозинство да добивате слика како ќе заврши овој проект? Еве, да претпоставиме дека ќе биде супешен, ќе добиеме ли ние повратна инфорамција што се случило, колку ваучери се искористени, дали бил - јас сум сигурен дека ќе биде успешен проектот, но колку бил успешен не за да ја критикуваме Владата дека била неуспешна во реализацијата на проектот, туку за да извлечеме поука за идни такви проектирани активности. Дали е преамбициозно или не е преамбициозно. Сега јас

не сакам да се свати дека премногу зборувам, тоа е во функција на тоа кое што претседателот го кажа...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, имате право да зборувате колку сакате.

**Тале Герамитчиоски:** Не е целта да се одолговлекува, навистина, овој и другиот, значи последниот амандман се клучни, за кој што ќе зборувам исто така, тие се клучни. Дали ќе ја преземеме улогата на контролор на Владата или не, тоа зависи од вас почитувани пратеници од мнозинството. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Илија Димовски, повелете вашите три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Јас забележав кај колегата Тале Герамитчиоски интенција да внесе сомнеж во реализацијата на проектот уште пред да почне проектот на начинот на кој што се обидува да ги објасни своите ставови во врска со барањето да се достави финален извештај до Собранието на Република Македонија за реализација на овој проект. Точно е дека според Уставот на Република Македонија Собранието врши, како што вели Уставот, политичка контрола и надзор над Владата на Република Македонија, меѓутоа, исто така е точно и господинот Тале Герамитчиоски многу добро знае дека во системот на управување, односно во системот на извршната власт се спроведуваат годишно илјадници проекти. Голем дел од тие проекти со финансиска тежина поголема од овој проект кој што ќе се спроведува докрајот на годината, па за тие проекти ниту има пракса ниту има систем кој што кажува дека треба Собранието да разгледува вакви детални извештаи. Тоа е прва работа.

Втора работа е тоа што добиваме завршни сметки на Буџетот, каде што прецизно можеме да видиме за која намена колку се потрошени средства.

Трета работа: Државниот завод за ревизија извршува контроли врз работата на институциите на системот.

Четврта работа: Институтот пратеничко прашање е начин кој што е предвиден со Уставот за контрола над работата од страна на Собранието.

И Петта работа, постои Закон за достапност на инфорамциите според кој што не само пратеници, секој обичен граѓанин може да ги добие сите потребни инфорамции од страна на Државната управа, од страна на општините и т.н. Таа институција која што нема да одговори на прашања на обичен граѓанин подлежи на одговорност, а камо ли на пратеник.

Затоа, мислам дека е непотребна оваа дискусија која што се води, системот на управување, системот на извршната власт и системот на односи меѓу извршната власт и законодавната власт, барем тоа го имаме испраксирано во минатите 17 години и не гледам причина, освен желбата на СДСМ уште пред да почне да се реализира овој проект да се наметне одреден степен на сомнеж, што мислам дека не е искрена намера, не е искрено на почетокот на овој проект. Благодарам претсеадтеле.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Процедурално господин Јани Макрадули, повелете вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Јас прво да се извинам до колегите Герамитчиоски и Топузова оти се јавувам процедурално. Мислев да се јавам после нив, но бидејќи има смисла нешто и господинот Димовски тоа што го зборуваше, мојата процедурална интервенција е следна.

Една од причините зошто Собранието има единици е и ова што вие претседателе сте закажале на 18 октомври седница, а амандманите да се поднесат до сабота до 13 октомври, што значи само вработените во Собранието ќе работат во оваа држава утре и задутре, 24 часа да подготвуваат амандмани. Мислам дека ова е пример за она што се зборуваше за влијанието на извршната власт врз законодавната.

Значи мојата процедурална забелешка е да аплирам, секој ден работат луѓето многу напорно, да не ги малтретираме уште и утре и задутре.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Макрадули, писмото е готово, сега се дистрибуира и седницата е презакажана за 22 октомври, затоа што тоа е оценето како грешка. Значи писмото ќе го добиете овие минути. Ве молам да се сослушаме, до каде е писмото не знам, но потпишано е.

Значи уште еднаш како одговор на оваа процедурална забелешка да кажам дека седницата е претерминирана од 18 октомври на 22 октомври и заради рокот на амандманите кои се кратеше во оваа работа. Тоа е просто грешка, превид е во датумите.

Сега Тале Герамитчиоски, една минута контра реплика кон Димовски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван колега, би сакал да си го земете стенограмот и да си прочитате што кажавте. Немојте да ми објаснувате за проекти кои што Владата ги реализира, многу добро знам. Ова е за прв пат еден проект, да се преточува неговата имплементација преку закон и тоа го објасни министерот зошто е направено, заради вредносна хартија која што се печати за реализација на проектот. Ова е прв преседан ваков проект да се реализира и имало потреба Собранието преку закон кој што ќе го изгласа да го реализира тој проект. Ако е тоа така, логично е Собранието да добие повратна информација за реализација на тој проект. Владините програмис е друго нешто и се дефинирани со законски ингеренции на Владата кои што се реализираат. Ова е потполно друго.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега збор побара господа Рпза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, јас навистина немав намера да излегувам по втор пат, но бев поттикната од дискусијата на почитуваниот колега.

Почитуван колега, не знам дали ја следевте мојата дискусија, дали бевте во салата, јас дадов безрезервна поддршка на овој закон и кажав дека тоа е добра мерка од Владата, но и јас сум за овој амандман, не затоа што се сомневаме. Зошто веднаш сомнеж? И претседателот рече, за да го подигнеме дигнитетот на овој Парламент, мораме да имаме малку повеќе почит и коректност еден спрема друг. Никој не рече за сомнеж, единствено нема да и наштети на Владата не затоа што се сомневаме. Јас реков, не прејудицирам, напротив, искрено сакам да бидат позитивни резултатите. Ова е добра мерка и е во насока на сите апсолвенти. Реков ќе беше добро да се усвои и амандманот за бруцошите, но во овој момент Владата проценила дека не може. Можеби понатаму ќе се размуслува. Немојте да мислите дека секој пат се што ќе кажеме е во некоја - негативна конотација да му дадете. Не е ништо лошо ако Владата поднесе извештај. Јас реков, не прејудицирам негативен извештај, напротив, во името на студентите, во името на знаењето, во името на развојот и следењето на инфорамтичката технологија, во името на информираноста на студентите сакам да биде успешен овој проект и зошто би пречело ако дебатираме по тој успешен резултат кој што ќе го добиеме овде од Владата. Да, се враќа уставната категорија која што ја има според Уставот Парламентот, го подигаме дигнитетот на Парламентот. Не значи дека секогаш извештајот ќе биде дочекан на нож. Едноставно сакаме да дебатираме за еден проект кој што овде ни се доставува во вид на закон. Ако е овој закон што треба ние да го донесеме, не гладам ништо страшно околу тоа да дебатираме. Сметам почитувани колеги дека треба сите вие да дадете поддршка на овој амандман. Времето ќе покаже дека сме биле во право. Друго е Буџетот, друго е ребалансот на Буџетот кога ќе го разгледуваме, друго се пратеничките прашања, сакаме да видиме повратно што се случило со еден проект за кој што јас мислам дека и другите колеги рекоа дека ќе дадат подршка и јас реков дека ќе го подржам овој проект. Значи ако даваме безрезервна подршка, зошто да немаме и повратна информација околу тоа што се случува и кои се резултатите од еден проект на кој што сите овде му даваме подршка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Илија Димовски, претпоставувам за реплика, повелете вашите три минути.

**Илија Димовски:** Значи дискусијата на колешката Роза Топузовска се однесуваше на мојата реплика на господинот Герамитчиоски изатоа почувствував потреба да дадам дополнително објаснение.

Прво, во врска со дигнитетот на Собранието, според мене тоа зависи од две работи. Првата е ефикасноста на работата на Собранието, што е прашање за кое граѓаните имаат свој став и второ, дигнитетот на Собранието зависи од дигнитетот на сите нас 120 поединечно. Значи ние не можеме да носиме колективна одговорност за однесувањето и начинот на работа на секој од нас поединечно. На крајот на краиштата, битно е секој кој што чувствува потреба да придонесе во ефикасноста на работата да го направи тоа. Тој што мисли поинаку да работи исто е негова слобода, меѓутоа, на крајот на краиштата, покрај што се мери дигнитетот колективен, се мери дигнитетот индивидуален.

Втора работа што сакав да ја споменам во репликата е тоа дека наброив 5 работи со кои може да се изврши контрола на работата на Владат аи кои што се до сега воведени практики, значи не е ништо ново. И ќе ви го кажам уште шестиот кој го испуштив претходно, значи член 17 од законот вели: “Надзор над наменското користење на ваучерите врши Министерството за финансии односно Управата за јавни приходи”. Ако имате сомнеж во работата на Управата за јавни приходи, кажете, меѓутоа, видете ги анкетите, ќе видите дека тоа е орган кој ужива можеби и најголма доверба од страна на граѓаните на Република Македонија во последната година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господа Роза Топузова Каревска контра реплика, повелете вашата минута.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван колега, очигледно немаме желба да се разбереме, очигледно дека се добива поинаква конотација, колку и да сака човек малку поинаку да ги постави нештата, вие сте тие што сте и ја терате така работата, но за тоа ќе ценат граѓаните. Па тоа ви говорам почитуван колега, и Министерството за финансии и Управата за јавни приходи се дел од Владата. Токму поради тоа е Парламентот, тие не се дел од не знам што друго. Зборуваме за парламентарната демократија и не гледам што гледате толку страшно. И не е добро почитуван колега, малку повеќе водете сметка за дигнитетот на Парламентот и кажете и по некој добар збор за Парламентот. Точно е дека се случуваат и недобри работи, но има и добри работи. Немојте да седите тука и улогата на пратеник да ја сваќате исклучиво да ја фалите Владата на премиерот. Со тоа можеби имате некоја лична корист и можеби нешто ќе добиете, но нанесувате штета на Парламентот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум за гласање).

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да повелат да влезат во салата да си ги заземат своите места, затоа што анскоро ќе ве повикам да гласаме.

(Присутните рпатеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

**Љубиша Георгиевски:** Амандман го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55, за амандманот гласале 9, воздржани нема, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници, ќе ставиме минус двајца.

Во ред, гласањето е валидно.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Со амандманот се обидовме да допрецизираме или да поправиме она што може да се случи, ако го читате амандманот или ако го примените математички процентот од вкупно запишаните студенти може да даде нецел број. Сега ако Министерството за финансии има решение на каде ќе оди тој број нагоре или наделу, ќе се заокружи, затоа се обидовме да допрецизираме број од бројот, а вака кога се работи за процент од некој број, тој процент може да даде и децимален број односно не цел број. И, што значи, дека е нелогичен текстот на законот како што е набрзина пишуван и сега останува дилемата дали ќе се заокружи на помалиот или на поголемиот број.

Кога Владата не се реши да го поправи членот 5 со амандман што е апсолутно технички мислам од компјутерски аспект, напишано написмено, може да има и ваква друга математичка неписменост во членот, ама тоа е што да правиме.

Амандманот го повлекувам, не можеме да помогнеме на тврдоглавоста на Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Тале Герамитчиоски, Марјанчо Николов и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Збор има пратеникот господин Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам господин претседателе.

Да појаснам за пратениците доколку ги интересира, амандманот е интервенција во членот 17 каде што надзор над наменското користење на ваучерите врши Министерство за финансии и управа за јавни приходи, а ние предлагаме место Управата за јавни приходи надзорот да го врши Комисијата за финансирање и Буџет на Собранието на Република Македонија.

И, уште еднаш повторувам, логично е и пожелно е, и потребно е, овој собраниски дом да си ја преземе уставната улога на контролор на Владата. Пак ќе повторам, да не се мешаат работите, ова е проект кој што е преточен во закон. Собранието со изгласувањето на тој закон е гарант за имплементација на тој закон, па ве молам логично е да побараме самите да се изврши контрола на имплементацијата на овој проект, а матична комисија која што може тоа да го врши е Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија.

Размислете уште еднаш, јас знам дека мнозинството ја има силата во своја рака, но пак добро размислете, уставната улога на ова Собрание еднаш треба да се преземе од самите пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Дозволете во контекст на она што го говореше и колегата Герамитчиоски, согласно Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки, донесува Републички буџет, гласа, се произнесува околу завршната сметка на Буџетот. И, токму тука е контролата што Собранието согласно Устав мора да ја има врз трошењето на буџетските средства, средства на граѓани. Меѓутоа бидејќи Македонија веќе одамна 3-14 месеци е влезена во сивата зона каде што се оневозможува било каква контрола врз работењето на извршната власт, токму и овој амандман е тесно поврзан со она што ова Собрание не најде сила да го прифати и нашиот претходен амандман кога претпоставувавме дека Владата мора да подготви извештај за реализација на овој проект и за тоа да даде отчет пред Собранието.

Исто така сметаме дека не може надзор врз наменското користење на ваучерите да врши

повторно Министерството за финансии, односно директниот предлагач на овој проект.

Останува нејасно од каде се обезбедени средства за овој владин проект, останува нејасно зошто Владата не се одлучила кога веќе на ваков начин ни подготви пред нас, пред Собранието, само технички да го изгласаме нивниот проект и останува прашањето кое уште долго ќе лебди уште колку средства има скриено низ буџетските ставки во ребалансот на Буџетот што го изгласавме минатата недела, а се однесува за обезбедување на маркетиншки проекти на Никола Груевски и Владата, па одвреме навреме претпоставувам кога ќе се соочат со пад на рејтингот на некој од анкетите ќе ни ги презентираат во форма на закон на ова Собрание со потврда дека средства веќе обезбедиле, но не кажале, тоа се средства, претпоставувам, за резерва, средства кои ќе го пумпаат и вештачки ќе го одржуваат веќе прилично нарушениот рејтинг не само на Никола Груевски туку и на ВМРО-ДПМНЕ.

Како што почна овој проект така и ќе заврши, идејата е добра има поддршка од опозицијата, но нема сила ниту во Владата ниту во Министерството, очигледно ниту кај колегите пратеници од владеачкото мнозинство да направиме и технички добра работа односно да овозможиме контрола како ќе се потрошат два милиони евра од Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Службите ги молам да достават точен број на пратеници во салата.

Ги повикувам пратеници кои се уште не влегле во салата да дојдат во салата, наскоро ќе гласаме.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 13, воздржани нема, против 45.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во овој момент.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Сожалувам, ќе мораме да прегласаме.

Молам, службите уште еднаш да пребројат точно, некои пратеници во меѓувреме влегоа, некои излегоа, ќе видиме.

Гласањето ќе го повториме.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници гласале 57, за гласале 9, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Збор има господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Сосема на кратко, бидејќи со дел од амандманите се измени текстот на законот и согласно Деловникот можеме да прокоментираме малку.

Прво да им се заблагодарам на Здружението на студенти и млади лица со хендикеп кој ни помогнаа да го напишеме амандманот и да го предложиме овде во Собранието за обезбедување на компјутерска конфигурација на лицата со хендикеп и тој беше прифатен. Благодарам до тоа Здружение.

Останува нејасно сеуште зошто Владата не сакаше оваа добра идеја да ја доимплементира во две работи за да биде целосна. А тоа е, не сака да купи компјутерска конфигурација за апсолвентите, туку нуди дел од компјутерска конфигурација со што самата теза дека се купува компјутер паѓа во вода и

Второ, се откажа од транспарентноста во целиот процес односно се откажа од, самото Собрание од контрола или мониторинг на целиот процес, но никако да ја научиме лекцијата дека граѓаните на Република Македонија сакаат и бараат Собранието на Република Македонија да си ја остварува уставната функција за политичка конрола на Владата. Останува уставноста да се цени зошто само една целна група избрана апсолвентите а не бруцошите, но тоа е последица на немањето на стратегија, јасна стратегија во информатичко-комуникациската технологија во Република Македонија.

За жал заостануваме на тој план, иако да потсетам ова Собрание едногласно и со гласавите од ВМРО-ДПМНЕ изгласа стратегија која што беше прогласена за најдобра стратегија во Југоисточна Европа на Светскиот самит за информатичко општество на Обединетите нации.

За жал кога немате стратегија влечете политички потези и тогаш ги избирате апсолвентите а не бруцошите зошто уставно го загрозувате законот.

Остануваме на загриженоста зошто Владата избега од амандманот со кој што баравме извештај за целиот процес да дојде овде во Собрание. Да не ни се случи како што Уставниот суд го поништи членот 12 па сега очекувам министерот за финансии да ги враќа парите што ги добиваа министрите од странство за да ги вратат парите во Буџетот два милиони евра кои што во овој момент се распределуваат, не се мала пара и граѓаните преку Собранието имаат право да знаат како целиот овој процес ќе се одвива.

Имаат право апсолвентите прво да знаат дека добиваат дел од компјутер. Второ како тој цел процес ќе се одвива граѓаните имаат право да знаат, бидејќи кога се предлагаше ребалансот ова беше, како што рече госпоѓата Бендевска скриен трошок и не знаеме уште колку такви ќе има.

За да не ни се случи како со неуспешниот проект со 100-те илјади компјутери ние се обидовме да дадеме амандмани ова да се подобри. Законот е пишуван на брзина, технички од компјутерски аспект, реков, неточен, кој ќе предизвика последици, бидејќи такво тип на процесор не постои, но тоа ќе си го каже потоа праксата дали ќе може да се имплементира или не. Во секој случај кога набрзина се прават работите да не се чудиме дека имплементацијата можеби нема да оди во оној правец како што Волшебникот од Оз кој дели “шаком и капом” во оваа држава ќе ја оствари својата замисла.

СДСМ оваа идеја ќе ја подржи. Останува загриженоста зошто Собранието се откажа од уставната улога или задача да биде контролор на активностите на Владата и на трошењето на народните пари. Така единицата не можеме да ја поправиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Многу кратко, значи пред нас е проект кој што за прв пат се преточува во предлог-законско решение. Ја имате нашата подршка за реализација на овој проект, но ве предупредуваме дека будно ќе ја следиме имплементацијата на овој проект и ќе бидеме најсилните и најстрогите критичари доколку се јават и мали отстапувања од реализацијата на техниката која што е дефинирана во законот. Времето ќе покаже, дали намерите на Владата биле чесни, искрени и дали има капацитет да спроведе техника која што ја дефинирала во закон. Сомнежот останува бидејќи настојувањето на опозицијата со амандман да се достави, да се врши контрола од Собранието на овој процес паднаа во вода, но ќе изнајдеме начини и механизми да ја вршиме контролата и да ја информираме јавноста за сите девијантни појави кои што ќе се случат при имплементацијата на овој проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика, претпоставувам или збор?

**Благородна Дулиќ:** Реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Господине претседателе, почитувани колеги,

Очекував дека овој закон ќе се усвои уште во раните попладневни часови во вчерашниот ден со акламација. Меѓутоа, доживеав уште едно разочарување од однесувањето на колегите на опозицијата кои што иако даваат подршка на законскиот проект, а ние дадовме подршка за амандманот што се однесува за студентите со хендикеп, сепак изгубивме цело попладне и дел од денешниот ден. И на ваков начин почитувани колеги се цени ефикасноста и рејтингот на Парламентот. Не само со излегување на говорница и со губење на времето на сите нас и на граѓаните, туку пред се, со ефикасност со постапувањето од наша страна. Тоа, за жал, и со овој законски проект кој што требаше да биде прифатен од сите со акламација изостана. Користам прилика да изразам лично жалење, мислам дека ова чуство го делат повеќе од претниците во законодавниот дом. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Јани Макрадули, процедурално ли? Контрареплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Би сакал да реплицирам.

(Забелешка од пратеничката Благородна Дулиќ со зборовите: “Јас му реплицирав на Тале Герамитчиоски”.)

**Љубиша Георгиевски:** Да, затоа настана забуна. Прво Тале Герамитчиоски може контрареплика да даде, затоа ве прашав да не е процедурално.

**Јани Макрадули:** Тогаш се јавувам за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Да.

Значи прво господин Герамитчиоски ако има контрареплика. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувана колешке ако вие како поранешен судија доброволно се откажувате од ингеренциите на Собранието кои што се дефинирани со Устав да ги поклоните на Владата и да се откажете од правото за контрола на процес кој што е дефиниран во закон тоа е ваш проблем. Не изгубивме многу време, расправата вчера почна во 15,00 часот, заврши во 17,30 часот, два ипол часа за толку сериозен проект во кој што можат да се јават сериозни девијантни појави и ние настојувавме набрзина, преку квалитетни амандмански решенија да го подобриме текстот што е всушност наше уставно право и обврска, јас не знам каде гледате тука проблем, треба со акламација да прифаќаме нешто кое што отстапува од уставните ингеренции во Собранието. Ви се молам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Добро, да дополнам уште некои работи. И јас сакав да го донесеме законот во претпладневните вчерашни часови само претседателот ја закажа седницата во 14,30, така да претпладне кога дојдовме друга седница имаше. Само изгледа од времето, па се изгубивме по малку.

Второ, СДСМ не може да гласа, или не може да не укаже на апсолутно технички неисправни членови, погрешни и зборови кои не постојат во компјутерската технологија. Тоа што претседателот на Законодавно-правна комисија не чувствува потреба да го види законот туку во 22,00 часот да ја закажат седницата и другиот ден да го гледаме, без да го гледа Законодавно-правна комисија тоа останува, во историјата ќе се цени. Но, ние имаме право и обврска како пратеници бидејќи си ја работиме оваа работа. Не доаѓаме овде само да притискаме на зеленото копче, доаѓаме да ја одработиме

платата. Тоа значи кога ќе видиме дека има тука неточна работа да укажеме на тоа. Кога ќе видиме нелогична работа, да дадеме амандман тоа да се поправи, да укажеме на јавноста дека 2 милиона евра не се малу пари и дека тие треба да знаеме, дека Собранието треба, граѓаните треба да знаат како ќе се поторшат. Апсолвентите треба да знаат дека не добиваат цел компјутер, туку добиваат дел од компјутер. Бруцошите треба да знаат дека СДСМ се залагал тие да добијат компјутер ама тоа беше одбиено. Здружението на студенти и млади лица со хендикеп кои ни помогнаа да го напишеме амандманот знаат дека СДСМ го поднел тој амандман за да добијат и тие. Овој закон не значи дека секој закон што ќе го добиеме од Волшебникот од Оз треба да притиснеме и затоа имаме единица. Ако не ја сфаќате пораката од граѓаните, за жал, тоа само може на СДСМ да му одговарам само и од тоа не можеме некоја корист голема да извлечеме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики, претпоставувам сите се за реплики, но уште еднаш да се договориме. Значи, Божиновска Валентина бара збор, Дулиќ Благородна реплика, Шутаров Васко реплика, Илија Димовски реплика, госпоѓа Роза Топузова Каревска збор.

Одиме прво со репликите, повелете госпоѓа Благородна Дулиќ вие прва.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Само да му укажам на господинот Макрадули дека законот се донесува по итна постапка и предварително Законодавно-правна комисија нема обврска истиот да го гледа освен ако Собранието за тоа не даде виза, односно не одлучи за тоа дека е потребно да се стори.

Тоа не беше направено и според тоа иако се обидувате да створите недоразбирање и пропусти во процедурата, сепак морам да ви укажам дека се е деловнички исправно. Она што мојата поента беше дека и во овој случај и по овој закон се користи говорницата за јалови дискусии и за губење време кое што впрочем и за овој закон што ќе го гледаме после овој проект истото се случува со поднесувањето на 40-те амандмани или колку ги има. И според тоа колешката Роза што зборуваше за рејтингот на Собранието сметам дека пред се рејтингот се цени според тоа, а за дијалозите меѓу нас за кои што што пледираше и почитувањето меѓу себе, мислам дека тие дијалози и почит постојат. Меѓутоа тоа што на говорница се случува тоа го цени аудиториумот и тоа е критички оценето со единица од страна на гледачите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Макрадули контрареплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Согласно член 175 од Деловникот за работа итната постапка е заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната или во случај на поголеми природни непогоди, епидемии и други вонредни неодложни потреби. Ова не спаѓа под тој член. Вие ако го цените тоа, тоа е ваша работа. Но има една колумна овие денови каде што вели дека за се е крива опозицијата и дека одењето во Европа зависела од опозицијата, реформите зависеле од опозицијата. Зависи ли нешто во оваа држава од власта, да ве прашам? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега реплика има господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Ова ќе биде реплика и на некој начин процедурална забелешка, како сакате разберете ја.

Но, сакам да реагирам на една алегорија која што и вчера и денес се пројавува низ говорот на почитуваниот колега Макрадули. Алегоријата во уметноста е стилска фигура и носи многу квалитети и доблести. И "Пролетта" на Ботичели е алегорија и едно од најненадмашните ремек дела во уметноста воопшто. Алегоријата во македонскиот јазик и во книжевноста воопшто исто така носи многу ремек дела. Но во политичкиот жаргон може да биде пежоратив пар екселанс. "Волшебникот од Оз" е еден од најубавите филмови во американската холивудска продукција. Но Волшебникот од Оз кога веќе тргнуваме по алегориска линија постои и страшилото од слама, постои лавот без срце кој што е цело време по потрага по храброста, постои вештерката од исток, од запад, север и југ. Ако во еден таков контекст и во еден таков дневен политички жаргон почнеме да ги персонифицираме нашите колеги од опозицијата мислам дека никаде не би не одвело. И се придружувам кон пораката од почитуваната колешка Дулиќ дека и јас очекував овој Предлог закон да го донесеме акламативно. Постои една кинеска поговорка која вели: не му давај на сиромавиот риба, на сиромавиот дај му мрежа. Оваа одлука на Владата, ова вмрежување или давање на можност на апсолвентите, на студентите од 4-та година да можат да бидат делови од таа глобална мрежа или глобално вмрежување, навистина сметав дека колегите ќе го усвојат акламативно без овие дополнителни алигори кои денес и вчера ги слушавме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Јани Макрадули, повелете контра реплика. Вашата минута.

**Јани Макрадули:** Добро, за ралика од бугарските зборови овде има англиски малку повеќе и стручни зборови, па да се обидам тоа што разбирам да ги кажам, да реплицирам.

Волшебникот од Оз со воодушевување на премиерот му се обрати најголемиот подновинар подржувач и ѕвездата на Македонската телевизија, значи не е тоа измислица на СДСМ.

Уште еднаш да кажам, значи тоа е речник со кој што му се обрати ѕвездата на Македонската телевизија на премиерот. Затоа ако карате некого, јавете се во “Гласот на народот” и таму протестирајте зошто така го нарекол премиерот. А СДСМ уште еднаш ќе каже на погрешни компјутерски термини не може акламативно да даде подршка. Ваков процесор не постои, не постои ниту во оние лажните на Иво Ивановски нема ваков процесор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Следниот за реплика е господинот Илија Димовски, повелете вашите три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Значи, владеачкото мнозинство не ја искористи оваа прилика политички да се пресмета со опозицијата иако претпоставувавме дека овој закон многу брзо, како што кажа и колешката Дулиќ, акламативно ќе помине во Собранието на Република Македонија. Не го искористивме овој закон, а зборуваме за сите проекти кој што ги направи за само една година оваа Влада. Не зборуваме за законот за електронска трговија, не зборуваме за проектот “Компјутер за секое дете” кој што на ваша жал ќе биде успешно завршe во Република Македонија. Не зборуваме за периодите на бесплатен интернет во Република Македонија, не зборуваме за данокот од 5% за компјутерите, не зборуваме за драстичното намалување на цените на интернетот во Република Македонија во оваа година. Не зборуваме за зголемувањето на уписните квоти за информатичари во Република Македонија, не зборувавме за стипендиите за 125 студенти на информатичките науки итн. Само поради тоа што очекувавме дека опозицијата конструктивно ќе пријде кон проект за кој што претпоставувавме дека го подржуваме. Исто така, не зборувавме за двата проекти кој што ги направи претходната Влада и само два, како што кажа колегата Макрадули, тоа беа Стратегијата и оние две или три интернет страни ЕУ-услуги итн.

(Реакции од пратеникот Макрадули)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ве молам, немојте господине Макрадули, немојте пак да почнуваме.

**Илија Димовски:** Ние не дискутиравме за ефектите од проектите на претходната Влада дали воопшто некој ги почувствува итн, итн, дали беа наменети само да останат на хартија или беа наменети да се преточат во две или три интернет страници. Па ве молам, на Министерството за правда до пред 5-6 месеци не му беше апдејтуван интернет сајтот од 1997 година до пред 6 месеци итн. Многу е непријатно кога се користат лицата со посебни потреби за политичка реклама. Вие господине Макрадули малку неумесно 10 пати денес тоа го употребивте. Да, кажавме, пропуст е на Владата, амандманот се прифати и тоа треба да биде заедничка работа. Значи малку неумесно и некултурно во односот спрема нас пратениците од мнозинството е да го употребувате 10 пати тоа, а за бруцошите прашањето е што СДСМ направи во оваа насока во минатите 10 години. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Јани Макрадули, контрареплика.

**Јани Макрадули:** За жал, освен со лаги не можеме поинаку да се однесуваме овде во Парламентот за да објасниме нешто што не се објаснува. На први септември немаше 100 илјади компјутери за основните училишта. Тој проект е пропаднат, бидејќи премиерот во понеделникот во Гевгелија изјави дека 30 илјади компјутери се во Солун на пристаниште, а уште 40 илјади ќе тргнат од некаде. Значи тоа е првата лага.

Второ, проекти за жал, оваа година нема, ама она што се направи во тим во кој што учествуваа и луѓе од ВМРО-ДПМНЕ, Владата на Република Македонија доби награда за најдобро решение во сите влади во цел свет. Ама треба да знаете да си ги цените работите, а не да ги елиминирате луѓето и да носите аматери кои само ќе профитираат во овие години и потоа ќе си отидат, а вие после ќе треба да ги вадите жешките костени. Престанете со лаги, претеравте.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Валентина Божиновска има збор.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Јас уште еднаш да ја изразам својата благодарност до Владата, бидејќи што туку се враќам од мојот факултет, каде што навистина студентите се, не би рекла среќни и не би сакала до толку да го употребам тој збор, но се задоволни, бидејќи они го сфатиле принципот на награда што во овој момент го прави Владата и навистина мислам и опозицијата и позицијата треба од ова да извлечеме корист дека ако е така и ако императив на Европската унија е стручност на идните кадри, образованост, да бидеме дел од земјата на информатичари, навистина сметам дека принципот на награда е голема работа и особено фокус групата која е избрана за пишувања на последната година на студии.

Студентите веќе размислуваат колку родителите од својот буџет ќе одвојат, дали тоа ќе бидат уште 300 евра за дел од комјутерот, дали тоа ќе биде за уште 200, за уште 500-тини, сеедно. Но, што е битно. Битно е дека ако минатите две години сме имале одлив на мозоци, магистри, доктори на наука од 15.000 деца кои што ни заминуваат во Австралија и во Америка, ако тоа малку значи дека нивната држава во овој миг мисли малку на нив и дека со тоа ги наградуваме, со тоа што во истиот момент им даваме императивн на бруцошите дека во иднина исто така оваа Влада ќе се грижи и било која да дојде, мислам дека навистина овој потег сега треба да го поздравиме, сите заедно, да престанеме со говорење без популизам, со акламација да го усвоиме овој закон по итна постапка.

И, уште нешто, народот како народ секогаш ќе биде помалку или повеќе задоволен. Тој секога

наоѓа одредени забелешки. Сакам да ве пристам на еден момент кога 1999 и 2000 година, кога дававме социјални пакети, тоа, во тој миг на народот му изгледаше многу непријатно и многу ужасно. Добија пакети место да добијат К-15. Кога дојде следната влада тие тоа не го добија, па беа многу разочарани.

Значи сепак мислам дека фокус групата на студенти е голема работа и во овој миг барам од опозицијата сите заедно, законот да го поздравиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика Тале Герамитчиоски, а потоа Јани Макрадули. Имаме две реплики. Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувана колешке јас е се обидам за покусо време од предвиденото да реплицирам, јас не знам во вашиот говор каде што ја повикавте опозицијата се разликуваме во тие погледи. Ако добро и внимателно не слушавте во попладневите вчерашни часови и денес, утрово, ние давамем поддршка на овој проект, но заради одредени решенија кои што во Законот ја третираат техниката на реализацијата на тој проект изразуваме оправдано сомневање бидејќи амандманите не ни беа прифатени, изразуваме оправдано сомневање од транспарентноста и од отчетноста на реализацијата на тој проект.

Ние искажавме и одредена резервираност на целните групи на студенти кои што се дефинирани во законот, но тоа е прашање на фкус. Владата има поинакви согледувања и ние тоа го почитуваме бидејќи во крајна линија тие ја имплементираат оваа идеја. Но, да дадеме бланко поддршка на место за кое што навистина после двата клучни амандмани каде што собранискиот дом требаше да го контролира овој процес без никакво образложение се отфрлаат, дозволете да го користиме нашето право да изразиме сомневање во однос на чесните намери на Владата. Ја поздравивме одлуката, знаеме дека студентите ќе добијат одредени бенифити од овој проект, тоа е неспорно, но исто така кажавме дека ќе вршиме ригорозна контрола и ќе ги користиме сите инструменти да ја информираме јавноста за отстапувањата кои што се дефинирани во тој законски проект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Валентина Божиновска, контра реплика, вашата минута.

**Валентина Божиновска:** Така е господине Тале, тоа е и ваша работа, работа на опозицијата да ја бара отчетноста, така и треба, во тоа и се разликуаме, тоа е работа на опозицијата, тоа е добра опозиција, но се надевам дека Влада која има пет оценка во борба против корупцијата, не би се дрзнала да не дава отчет на 2 милиони денари на начинот на тоа како ќе се реализираат ваучерите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Јани Макрадули, повелете, вашата реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Јас бев утрово на факултет и бруцошите се незадоволни од тоа зошто сега се избрани апсолвентите а не бруцошите, и тие ја повикуваат опозицијата зошто не гласале за амандманот на Социјалдемократскиот сојуз да се дадат компјутери и за нив.

И уште една работа, тешко на таа држава каде што законите треа да ги носиме само со акламација, а опозицијата треба да молчи. Такви режими има во Јужна Америка, ако престојувала на студиски престој таму колешката тоа е нејзина работа, ама тешко на таа држава и демократија каде што само со акламација и без дискусија ќе се носат законите.Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реполика госпоѓа Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам господине Јани Макрадули, бидејќи вие имате такви искуства од вашиот факултет, јас имам многу позитивно од мојот факултет, јас имам еден заеднички предлог. Бидејќи сме блиски со факултетите вие кои звучите многу епски и јас која звучам многу лирски малку да се дружат нашите и вашите студенти и мислам дека ќе најдеме заедички јазик. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам госпоѓа Топузова Каревска Роза, за збор.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуан претседателе.

Иако на почетокот на оваа седница говорев за поддршката на овој закон и говорев и за некои други работи, навистина тогаш кажав дека нема да се јавам повторно да дадам поддршка, но очигледно голем дел од колегите не беа тука, а и оние што беа тука се чини дека не ја разбрале добро мојата дискусија, па затоа дозволете ми сосема накратко во името на тоа што навистина и јас како и другите сакам да се донесе овој закон, да кажам неколку зборови.

Да, да, давам поддршка на овој закон, сметам дека е добра мерката што ја прави Владата, не навлегувам во тоа дали е популистичка или не е, не е добро што не се усвои амандманот со кој што се даваше можност на Собранието не да врши контрола, туку да добие отчет од Владата што е се случи. Не прејудицирав дали тоа ќе биде позитивно или негативно, туку едноставно да имаме извештај како ќе заврши овој проект за кој што сите безрезервно даваме поддршка, еве гледаме овде и опозоцијата.

За жал некои колеги од парламентарното мнозинсво се обидоа и овој пат како и секогаш до сега, затоа е сединицата на Парламентот да кажат дека Парламентот е тој кој што ги кочи реформите визави на Владата, Владата успешно си ја тера таа пропаганда и добива, ако некој друг е лош, значи таа е добра. Меѓутоа, почитувани колеги, јас не сум подготвена да ја носам одговорноста за недоброто работење на

парламентот затоа што улогата на пратеникот не е да доаѓа овде и со акламација да усвојува закони, туку да ги чита законите, да предлага подобри решенија кои што секако се во согласност со Уставот и законите и да види како може подобро тие закони понатаму да се имплементираат. Не доаѓаме овде само за да го стегнеме зеленото или црвеното копче. Овде доаѓаме активно да учествуваме, да ги следиме законите.

Законите ни ги праќаат, барем најголем дел од нив да ги прочитаме и да најдеме одредени забелешки и предложиме амандмани. Ако мислите дека законите ги добиваме за да ни се полнат шкафовите и да немаме каде да ги ставаме тогаш се лажете, а веројатно и најголем број од пратениците тоа и го практикуваат па затоа им пречи секој оној што ќе да де било каков предлог, па дури и најконструктивниот предлог.

И, почитувани колеги парламентарната демократија не се гради со акламација. Токму поради тоа на почетокот на седницата ви прочитав, и, пак ќе ви кажам нема демократија или влегуваме во земјите со демократија со недостатоци. Немојте да тежнееме, на работ сме да влеземе во последната група односно земји со хибридни режими, авторитарни режими. Зар треба да стреми Македонија кон тоа.

Токму, беше и мојот апел кон ова уште на почетокот на седницата што го упатив и што најверојатно, единствено претседателот на Собранието позитивно го разбра и доживеа. Останатите на тоа гледате со недоверба и повторно тензијата ја подигаме на едно ниво кое што апсолутно немаше потреба сега да се направи и да се зборува.

Почутувани колеги, пред нас се наоѓаат во демократските процеси, а ние да потсетам според Уставот сме земја со парламентарна демократија, пред нас се наоѓаат Бугарија на 49 место, Романија на 50 место, Хрватска на 51, Србија на 55-то, Црна Гора, единствено Босна и Херцеговина е зад нас. Почитувани колеги, замислете се и како што реков забелешката бепе најдобро намерна, но за жал или не сакате да разберете, или така ви одговара одговорноста да ја префрлите комплетно на опозицијата.

Реков и пак ќе повторам единствено пораката ја разбра претседателот на Собранието. Дајте малку да бидеме посериозни. Дали ќе се донесе пет часа подоцна овој закон, законот ќе профункционира. Бевме на работ да ги стегнеме копчињата и се јави колешката Благородна Дулиќ да не искара зошто сме дебатирале по амандманите. Па, јас конкретно дебатирав само по еден единствен амандман и тоа се со една цел да го почитуваме членот 92 од Уставот, па вели, Владата и секој нејзин член за својата работа одговараат пред Собранието. Така ќе го дигнеме дигнитетот на Собранието.

Давам поддршка на законот и очекувам дека ќе биде добро имплементиран, очекувам дека ќе даде позитивни резултати и во насока на подигањето на интелектуалното ниво, на образбата, контактите на студентите, информираноста што секако допринесува и за подобра, и понатаму, економска состојба во државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Госпоѓа Анета Стефановска, реплика, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувана колешке, многу ме иритира прво вашиот тон на гласот со кој што говоревте према почитуваната колешка Дулиќ, бидејќи и јас бев присутна тука и слушнав, таа не ве искара туку таа стручно ви објаснуваше на кој начин оди постапката на законот и многу е недолично вака да се однесувате и према сите пратеници се однесувате, и затоа ви реплицирам бидејќи сакам да ви укажам, треба да се однесуваме и да се почитуваме меѓусебе достоинствено и да го почитуваме дигнитетот на ова Собрание. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска, контра реплика.

**Роза Каревска Топузовска:** Очигледно дека ќе треа да одиме и да го вежбаме тонот на гласот, ќе треба не знам што да направиме за да и се допаднеме на колешката, меѓутоа, кога ги имаме и најконструктивните дискусии колешката наоѓа нешто да реплицира. Сега најверојатно таа е задолжена од ВМРО ДПМНЕ да ми реплицира. Пред извесно време беше друг колега, па изгледа тој веќе ја изгби таа улога, ја префрлија на неа.

Немам што понатаму да кажам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Марјанчо Николов има збор.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Не мислев да дискутирам повеќе по овој закон со оглед на вчерашните дискусии кога бев пријавен претходно за дискусија, ме иритираа одредени констатации од колегите од позицијата кои што се повторуваат station наназад веќе сите седнци и тука пред се, предимствени се колегите Дулиќ, Павле Трајанов и некои други кои што за дискусии од опозицијата едноставно немајќи аргументи како да се спротивставaт ќе речат ги кочите реформите, не сакате Владата да биде успешна или дека сме биле против нешто.

Прво, би сакал да кажам дека ретко кој од нас би се сложил со таков начин на работа на Парламентот, а уште повеќе треба да се внимава да се дава таква дисквалификација за некого и како личност и како политичка партија бидејќи ако го слушаме премиерот и другит од Владата упорно инсистираат дијалогот да се води во инситуциите на системот, посебно во Парламентот. И, ако сега овде не дискутираме и не дебатираме за закони тогаш не знам каде треба да водиме дебата. Дали треба сите да се

организираме на средба со граѓани и  таму да дебатираме, а овде во Парламентот да молчиме и да чукаме со рацете кога ќе дојдат законите од Владата. Дури да чукаме со рацете како што сакаат колегите од позицијата Уставниот суд ќе не демантира.

Колку закони веќе паднаа на оваа Влада која што тука не убедуваше дека се најисправни. Во делот на здравството сега последниот закон за одржување на имотите на министрите од странство и таа одредба падна. Значи Владата не носи најисправни закони и нашата заложба како опозиција е да реагираме на тие грешки што сметаме дека се во законите. И, тука не може никој да ми забележи без разлика колку време ќе биде потребно. Дали е целта да носиме закони во квантитет или квалитетни закони.

Очигледно дека парламентарното  мнозинство се определила само законите да минат, но за среќа има и други институции ко што ги исправаат во тие нивни намери и досега добро се покажа дека во многу случаи грешеле. Уставниот суд ги демантира.

И, зошто сега упорно не сакаат да дебатираме во Парламентот. Ниту министрите од Владата кога доаѓаат овде не кажуваат. Ќе поднесеме амандман, се прифаќа, не се прифаќа, без образложение. Каде ќе водиме ние дијалог. Не е дијалогот само да слушаме само што ќе ни каже владата и да климаме со глава, туку и Владата треба да го слуша Парламентот.

Околу законот сакам да кажам, жал ми е што не го прифатија амандманот Владата и колегите пратеници, околу контролната улога, Владата да поднесеше извештај за тоа колку ваучери се искористени, кои субјекти колку пари наплатиле од Владата на Република Македонија бидејќи тоа е и уставна обврска, Собранието да врши политичка контрола над работата на Владата и на избраните и именување функционери.

Добра е идејата на Владата, меѓутоа уште ќе биде подобра ако се опфатеа и бруцошите, ако се опфатеа што поголем број на студенти, а околу грижата на Владата за високо образовните кадри, земете го само списокот од Бирото за вработување, ќе видиме колку магистри чекаат работа, па дури и доктори на наука кои што чекаат во Бирото за вработување. Значи прашањето е многу покомплексно и не се решава со една ваква мерка, таа е дел од пакетот на мерки, но ние не добивме сознание дека Владата има систем сите овие прашања да ги разреши.

Законот ќе го поддржиме, но искрено жалиме што не се прифати амандмаот, Собранието ќе ја извршеше својата уставна надлежност.

И на крајот да напрви контролен механизам како оваа одлука или овој закон е спроведен во пракса. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Народот вели на подарен коњ забите не му се гледаат, но овој коњ е од нашата штала и не е подарен и затоа мора да му ги изгледаме забите, затоа што ова што се подарува е од Буџетот на Република Македонија и ова што се подарува го подаруваме сите ние, дури и оние кои што не сме на власт, а плаќаме даноци и го полниме буџетот можеби повеќе од оние кои што се на власт.

Немојте да се лутите зошто дебатираме по овој закон.

Прво, Социјалдемократскиот сојуз го поддржува донесувањето, да колешке, го поддржува донесувањето на овој закон. Ако го поддржува донесувањето на овој закон кој што се донесува по итна постапка, а со овој закон се издаваат хартии од вредност, значи дека дебатата мора еа ја сведеме тука затоа што не сме имале можност да одржиме комисија, затоа што не сме имале можност претходно некаде да ги искажеме своите забелешки по овој закон.

Ако ги видовте амандманите кои што се поднесени од пратеници на СДСМ ќе видите дека ние го поддржуваме донесувањето на овој закон, но ние имаме сериозни забелешки.

Прво, сметаме дека потребно е да се зголеми опфатот на фокус групата. Некои од колегите кажаа дека потребо е да дадеме мрежа на рибарите за да се научат да ловат риби, во преносна смисла. Но, мрежата се дава  уште од прва година на факултет за да може студентите кои што се запишани на факултетите да освојуваат знаења.

Втората работа на која што реагиравме е лицата со посебни потреби кои што се запишани и кои што навистина имат особено зголемена потреба од компјутери да бидат опфатени во оваа фокус група.

И, еве благодариме што овој амандман е прифатен. Значи ако ние не сме разговарале, ако не сме пишувале амандмани, оваа група на студенти со донесувањето на законот ќе беше иземена и ќе немаше таа привилегија да го има компјутерот како посебно средство дополнително кое што ќе им го зголеми пристапот до информации.

Другата забелешка која што е особено значајна за мене, а тоа треба да биде значајно и за правниците овдека кои се во Собрание, секако и за економистите бидејќи со овој закон се издаваат  хартии од вредност. Понудените решенија, за мене не нудат доволно механизми дека овие средства кои што сега со ваучерите  ги издаваме, ќе бидат наменски искористени и дека ова не создава една голема врата за злоупотреба и за криминал, а ние секојдневно овдека сме грлати сме дека се бориме против криминалот и корупцијата.

Почитувани колеги, само комисија на која што во членот 15 не и е утврдена ни структурата, ни составот да врши контрола на ваучери, на вредносни бонови, за мене не е доволен механизам, за мене не е доволен гарант, дека

овие средства навистина ќе бидат беспрекорно чисто искористени.

Е ова беше заради кое што ние реагираме, е ова беше заради кое што ние ќе го подржиме овој закон, но овдека гласно го кажуваме и будно ќе следиме.

Овдека Собранието не е случајно што после сите анкети имаме единица или тројка, колку е таму и не знам која е оценката. Значи и понатаму уште повеќе ќе паѓа авторитетот, достоинството на Собранието. Затоа што Собранието овдека или парламентарното мнозинство не сака да си ја преземе уставната ингеренција да си врши контрола над работата на Владата, особено во ситуации или за работи за кои што навистина треба да земе, а тоа е издавање на хартии од вредност.

Исто така, ако видовте дека амандманите не се така од обес поднесени. Значи сериозно сме сакале да вградиме механизми на заштита од злоупотреба на овие права, од злоупотреба на овие средства.

Значи да завршам, го подржуваме законот, ќе гласаме сите за донесување на овој закон со сериозните укажани забелешки кои што не сакавте или не сакате да слушате дека навистина се потребни реакции во решенијата, и на крајот будно ќе следиме навистина како овие средства се искористени и дали овие средства ќе стигнат до крајните фокус групи за кои што се донесува овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам претходно, пред гласањето службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на пратеници)

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата и да си ги заземат своите места, наскоро преминуваме на гласање.

Ги молам службите уште еднаш да гоутврдат точниот број на присутни пратеници во салата).

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум за гласање).

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за издавање на вредносни бонови, ваучери.

Ја заклучвам 75-та сдница на Собранието на Република Македонија.

Давам 10 минута пауза, а потоа ќе продолжиме со работ апо 56-та седниц ана Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,35 часот)